Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** | **Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

**АРХИВСКИ БРОЈ: 04 – 448/23 од 20.06.2025 год.**

Врз основа на член 22 став (1) од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на РМ,, бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024), член 23 став (4) од Законот за работни односи („Службен весник на РМ„ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021, 111/2023, 39/2025 и 74/2025) и член 11 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016и и 11/2018 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024) Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# О Д Л У К А

**за избор на еден (1) извршител на определено време за работно место Советник за јавни набавки во Одделение за јавни набавки – Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоци во инспекторатот**

1. **За работното место** Советник за јавни набавки во Одделение за јавни набавки – Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоци во инспекторатот при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Државен инспекторат за земјоделство се избира кандидатот **АТАНАС СТОЈАНОВ.**
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време до 31.12.2025 година формирана со Решение број 04- 448/1 од 05.06.2025 година донесено од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, по Јавниот оглас за вработување на определено време со број 03/2025 објавен на 09.06.2025 година во дневните весници Нова Македонија и Коха за работното место број 1 од огласот: Советник за јавни набавки во Одделение за јавни набавки – Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоци во инспекторатот спроведе селекција за избор на кандидат за наведеното работно место.

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време изготви Записник од извршена селекција од јавниот оглас за вработување на определено време број 04-448/20 од 16.06.2025 година, Записник од работата на Комисијата за вработување на определено време по Јавен оглас број 03/2025 заради спроведување на интервју број 04-448/21 од 18.06.2025 година и Предлог-одлука за избор на кандидати број 04-448/22 од 18.06.2025 година, врз основа на што Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе приговор во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на решението преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до Агенцијата за администрација.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
II
СКОПЈЕ-SHKUP

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Борче Серафимовски**

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот
- Сектор за човечки ресурси
- Сектор за финансиски прашања
- Агенција за вработување